Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 27.08.2014
| Орг. единица | Број | Прилог | Вред. |
|---|---|---|---|
| 10 | 4326/2 | 1 | |

# ИЗВЕШТАЈ
## од редовниот надзор на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш, емитуван на 4 август 2014 година

***Предмет на надзорот:***

Предмет на надзор во согласност со Годишниот план за вршење програмски надзор беа:

- обврските за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации; и
- обврските за заштита на малолетните лица од програми што можат да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој.

***Констатации:***

Со мониторингот на снимката од програмскиот сервис на ТРД Телевизија КОБРА ДОО Радовиш од 4 август 2014 година, е констатирано **прекршување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (давателот на аудиовизуелни медиумски услуги е должен пред програмите кои би можеле да му наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица да обезбеди акустично предупредување и визуелни знаци во текот на нивното времетраење). Регистрирано е емитување на програми што не се означени пред почетокот на нивното емитување со соодветно акустично предупредување, и програми кои во текот на нивното времетраење не се означени со визуелни знаци.

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| Крадец на срца – играна серија | 12:58:50 | 13:14:32 | Играната програма не е означена пред почетокот со соодветно акустично предупредување и не е емитуван визуелен знак во текот на нејзиното времетраење. |

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| Крадец на срца – играна серија | 02:30:41 | 03:16:53 | Во наведените играни програми не се емитувани визуелни знаци во текот на нивното времетраење. |
| Радовишки народни приказни – играна серија | 09:07:48 | 09:28:59 | |
| Крадец на срца - играна серија | 12:18:50 | 12:54:12 | |
| Сестри – играна серија | 14:14:34 | 15:07:05 | |
| Крадец на срца - играна серија | 18:29:00 | 19:24:54 | |
| Сестри – играна серија | 20:57:24 | 21:50:30 | |

***Опис на прекршувањето:***

**Спротивно на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш, на 4 август 2014 година, пред почетокот на играните програми не е емитувано акустично предупредување, а во текот на нивното времетраење тие не се означени со визуелни знаци.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*27.08.2014 година*

| **Претходно изречена мерка:** |
| --- |
| - Нема изречено мерка |

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14), а со оглед дека за прекршување на оваа законска одредба до сега не му е изречена мерка на радиодифузерот, во согласност со член 23 и 27 од цитираниот закон, до в.д. Директорот на Агенцијата се дава следната

**Предлог на мерка:**

- да се преземе мерка – опомена, и
- В.д. Директорот на Агенцијата да определи во кој рок од денот на донесувањето на поединечниот акт (решение), да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).